**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Илинден за I (прв) квартал од 2008 година со Арх. Број 07-926/2 од 23. 04. 2008 година.**

**Се прогласува Одлуката за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Илинден за I (прв) квартал од 2008 година со Арх. Број 07-926/2 од 23. 04. 2008 година што Советот на Општина Илинден ја усвои на седницата одржана на ден 23. 04. 2008 година.**

**Архив. Број 08-1048/1**
**Од 30.04.2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

Врз основа на член 32 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл. Весник на на Р.М. бр.61/04) и член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 05/02) Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 24.04. 2008 год. ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Квартален Извештај**
**за извршување на Буџетот за Општина Илинден**
**за I (прв) квартал од 2008 година**

**член 1**

Се усвојува Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот за Општина Илинден за I (прв) квартал од 2008 година за периодот од 01.01.2008 година до 31.03.2008 година, доставен до Совет на Општина Илинден.

**член 2**

Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот за Општина Илинден за I (прв) квартал од 2008 година е составен дел на оваа Одлука.

**член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Илинден.

**Арх. Бр. 07- 926/2**
**Од 24. 04. 2007 год.**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Стевче Аврамовски с.р.**

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука за користење на основно средство без надоместок со Арх. Број 07-926/4 од 23. 04. 2008 година.**

**Се прогласува Одлуката за користење на основно средство без надоместок со Арх. Број 07-926/4 од 23. 04. 2008 година од 23. 04. 2008 година што Советот на Општина Илинден ја усвои на седницата одржана на ден 23. 04. 2008 година.**

**Архив. Број 08-1048/2**
**Од 30.04.2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

Врз основа на член 36, став1, точка 10 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ број 5/02"), Советот на општина Илинден на седницата одржана на ден 23.04.2008 година донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на користење основно средство без надоместок**

**Член 1**

Со оваа Одлука , Општина Илинден дава на користење без надоместок на Јавното комунално претпријатие „Илинден" од н. Илинден основно средство – Градежна машина Ровокопач – натоварувач марка ICB 3ЦХ година на производство 1993.

**Член 2**

Вкупната набавна вредност на основното средство изнесува 1.489.548,00 денари.

**Член 3**

Основното средство што со оваа Одлука се пренесува на користење на Јавното претпријатие останува во сопственост на општина Илинден, а трошоците за амортизација на наведеното основно средство паѓаат на товар на остварените приходи на ЈКП „Илинден" н. Илинден, од денот на предавање на ровокопачот.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Илинден"

**Арх. Број 07-926/3**
**Од 23.04.2008 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Претседател**
**Стевче Аврамовски с.р.**

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука за измена и дополнување на одлуката за определување на надоместок за присуство на седница и надоместок за патни и дневни трошоци на членовите на советот на општина Илинден Арх. Број 07-926/4 од 23. 04. 2008 година.**

**Се прогласува Одлуката за измена и дополнување на одлуката за определување на надоместок за присуство на седница и надоместок за патни и дневни трошоци на членовите на советот на општина Илинден Арх. Број 07-926/4 од 23. 04. 2008 година што Советот на Општина Илинден ја усвои на седницата одржана на ден 23. 04. 2008 година.**

**Архив. Број 08-1048/3**
**Од 30.04.2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 1 и член 45 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 05/02) а во врска со член 1 и член 29 од Законот за изменување и дополнување на законот за плати и други надоместоци на пратениците во собрание на РМ и други избрани и именувани лица во републиката (Сл. весник на РМ бр. 121/07) Советот на општина Илинден на седницата одржана на ден 23.04.2008г. ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За измена и дополнување на одлуката за определување на надоместок за присуство на седница и надоместок за патни и дневни трошоци на членовите на советот на општина Илинден**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за определување на надоместок за присуство на седници и надоместок за патни и дневни трошоци на членовите на советот на општина Илинден бр. 07-1951/11 од 21.12.2007г.

**Член 2**

После член 3 од Одлуката за определување на надоместок за присуство на седници и надоместок за патни и дневни трошоци на членовите на советот на општина Илинден бр.07-1951/11 од 21.12.2007г. се додава нов член 4.

**Член 3**

Новиот член 4 гласи: “На членовите на советот определени за склучување на бракови за ангажираност на деновите кога склучуваат бракови се утврдува надоместок од 800,00 денари“.

**Член 4**

Членовите 4,5,6,7 и 8 од Одлуката за определување на надоместок за присуство на седница и надоместок за патни и дневни трошоци на членовите на советот на општина Илинден бр. 07-1951/11 донесена на 21.12.2007г. стануват член 5,6,7,8 и 9.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

**Арх. бр. 07-926/4**
**Од 23. 04. 2008г.**

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**Стевче Аврамовски с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А

**Решение за прогласување Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Илинден за I (прв) квартал од 2008 година со Арх. Број 07-926/2 од 23. 04. 2008 година.. . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.1**

**Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Илинден за I (прв) квартал од 2008 година со Арх. Број 07-926/2 од 23. 04. 2008 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.1**

**Решение за прогласување на Одлука за користење на основно средство без надоместок со Арх. Број 07-926/3 од 23. 04. 2008 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.2**

**Одлука за користење на основно средство без надоместок со Арх. Број 07-926/3 од 23. 04. 2008 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.2**

**Решние за прогласување на Одлука за измена и дополнување на одлуката за определување на надоместок за присуство на седница и надоместок за патни и дневни трошоци на членовите на советот на општина Илинден Арх. Број 07-926/4 од 23. 04. 2008 година. . . . . . . . . стр.3**

**Одлука за измена и дополнување на одлуката за определување на надоместок за присуство на седница и надоместок за патни и дневни трошоци на членовите на советот на општина Илинден Арх. Број 07-926/4 од 23. 04. 2008 година. . . . . . . . . стр.3**